**20090020011**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на член 29, став 9 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА КРИТЕРИУМИТЕ КОИШТО ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЕКОЛОШКА ОЗНАКА ЗА ТУРИСТИЧКО СМЕСТУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат критериумите коишто треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за туристичко сместување.

Член 2

Одредени изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

„Туристичко сместување“ е група на услуги кое вклучува обезбедување на сместување на туристи, патници и потстанари за определена сума на пари, со преноќување во соодветно опремени соби кои вклучуваат најмалку еден кревет (во натамошниот текст: туристичко сместувачки капацитет).

“Барател“ е правно или физичко лице кое поднело барање до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за добивање на еколошка ознака за туристичко сместување.

Член 3

Туристичко сместувачките капацитети за добивање на еколошка ознака за туристичко сместување треба да ги исполнуваат задолжителните критериуми дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Освен задолжителните критериуми од став 1 на овој член, туристичко сместувачките капацитети треба да исполнат и изборни критериуми при што вкупниот број на исполнети критериуми треба да биде минимум збир од 16,5 бодови како што се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник

Член 4

Одредбите на овој правилник имаат за цел да се обезбеди:

- ограничување на потрошувачката на енергија,
- ограничување на потрошувачката на вода,
- ограничување на создавањето на отпад,
- поддршка на употребата на обновливи извори на енергија кои се помалку штетни за животната средина,
- промовирање на еколошка комуникација и едукација.

Член 5

Секој критериум содржи специфични барања за проценка и верификација.

За одредени случаеви, покрај методите на тестирање и стандардите утврдени со критериумите може да се употребат и други методи и стандарди, доколку органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина (во

понатамошниот текст: надлежен орган) прифати дека тие се еквивалентни на предвидените за секој критериум.

Надлежниот орган ги зема во предвид признатите системи за управување со животната средина како што се EMAS или ИSO 14001 при оценувањето на барањето и исполнувањето на критериумите.

Член 6

Барателот кој ги исполнува критериумите за добивање на еколошка ознака за туристичко сместување има право надвор и во просториите на туристичко сместувачките капацитети да ја стави еколошката ознака, каде во текстуалниот дел на ознаката го става текстот: ТУРИСТИЧКО СМЕСТУВАЊЕ.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-7483/4
26 декември 2008 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
д-р **Нeџати Јакупи**, с.р.

ПРИЛОГ 1

ЗАДОЛЖИТЕЛНИ КРИТЕРИУМИ

Сите критериуми дадени во овој прилог мора да се исполнат.

ЕНЕРГИЈА

**1. Електрична енергија од обновливи извори**

Најмалку 22% од електричната енергија да се добива од обновливи извори на енергија, како што е определено во Директивата 2001/77/ЕС за промоција на електрична енергија добиена од обновливи извори на енергија на внатрешниот пазар.

Овој критериум се однесува само за туристичко сместувачки капацитет кои имаат пристап до пазар кој нуди електрична енергија генерирана од обновливи извори на енергија.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди доказ од (или договор со) добавувачот на електричната енергија во која треба да биде наведен изворот на обновливата енергија, процентот на електрична енергија која се добива и максимумот со кој би можел да биде снабден. Според директивата 2001/77/ЕС, изворите на обновлива енергија треба да значат извори на обновлива не-фосилна енергија (ветер, сонце, геотермален бран, морска енергија, хидроенергија, биомаса, депониски гас, гас од постројки за третман на отпадни води и биогас).

**2. Јаглен и мазут**

Како извор на енергија не треба да се користи мазут кој содржи повеќе од 0,2% сулфур, како и јаглен.

Овој критериум се однесува само на туристичко сместувачки капацитети кои имаат независен систем за греење.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди декларација - изјава за исполнување на овој критериум, назначувајќи ги изворите на енергија кои се користат.

**3.Електрична енергија за греење**

Најмалку 22% од електричната енергија која се користи за загревање на собите и за санитарна топла вода, треба да се обезбеди од обновливи извори на енергија, како што е дефинирано со директивата 2001/77/ЕС.

Овој критериум се однесува само на туристичко сместувачки капацитети кои имаат независен електричен систем за греење и кои имаат пристап до пазар кој нуди електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди декларација – доказ за исполнување на овој критериум, назначувајќи ги природата и количината на енергетските извори кои се користат за греење, заедно со документацијата за бојлери доколку ги има.

**4. Ефикасност на бојлери**

Ефикасноста на секој нов бојлер (генератор на топлина), купен за времетраењето на еколошката ознака, треба да биде најмалку 90% мерено во согласност со директивата 92/42/ЕЕС, или според релевантните стандарди и правила за бојлери кои не се покриени со директивата.

Бојлерите за топла вода кои се греат на течни или гасовити горива, како што е дефинирано во директивата 92/42/ЕЕС, треба да бидат во согласност со стандардите за ефикасност дадени во директивата.

Ефикасноста на бојлерите кои не се покриени со директивата 92/42/ЕЕС треба да биде во согласност со инструкциите на производителот и со националното законодавство за ефикасност.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави технички извештај од одговорните за продажба и/или одржување на бојлерот во кој се назначува неговата ефикасност. При проценка и верификација треба да се земат во предвид одредбите од директивите 92/41/ЕС и 92/42/ЕЕС.

**5. Климатизација**

Секој климатизер набавен за времетраење на еколошката ознаката треба да има најмалку Б - класа енергетска ефикасност во согласност со директивата 2002/31/ЕС за имплементирање на директивата 92/75/ЕЕС за енергетско означување на климатизери за домаќинства.

Забелешка: Овој критериум не се однесува на климатизери кои може да користат, освен електрична и други извори на енергија, како и единици со излезна снага (на греење) поголема од 12 kW.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди технички извештај –од страна на професионални техничари одговорни за инсталација, продажба и/или одржување на системот за климатизација.

**6. Изолација на прозорци**

Сите прозорци во собите треба да имаат соодветен висок степен на термичка изолација во согласност со локалните климатски услови и треба да обезбедат соодветен степен на акустична изолација.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава, доколку е доволно, или изјава од професионални техничари за исполнување на овој критериум.

**7. Исклучување на греењето или климатизацијата**

Доколку греењето или климатизацијата не се исклучуваат автоматски кога се отвораат прозорците, потребно е да се обезбеди лесно пристапна информација за потсетување на гостите да ги затворат прозорците кога работи греењето/климатизацијата. Овој критериум

се однесува само на туристичко сместувачки капацитети кои располагаат со греење и/или климатизација.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со текстот на информацијата (доколку е применливо).

**8. Исклучување на светлата**

Доколку нема автоматско исклучување на светлата во собата, потребно е да се обезбеди лесно достапна информација со која треба да се замолуваат гостите да ги исклучуваат светлата кога ја напуштаат собата.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со текстот на информацијата.

**9. Енергетски ефикасни електрични светилки**

а) Во рок од една година од датумот на аплицирање, најмалку 60% од сите електрични светилки во сместувањето треба да имаат енергетска ефикасност Класа А како што е дефинирано во Директивата 98/11/ЕС за имплементација на Директивата 92/75/ЕЕС за енергетско означување на светилки за домаќинства. Ова не се однесува на електрични светилки чии физички карактеристики не дозволуваат замена со електрични светилки кои штедат енергија.

б) Во рок од една година од аплицирањето, најмалку 80% од електричните светилки кои се поставени на места каде е веројатно да бидат вклучени повеќе од 5 саати на ден треба да имаат енергетска ефикасност Класа А како што е дефинирано во Директивата 98/11/ ЕС. Ова не се однесува на електрични светилки чии физички карактеристики не дозволуваат замена со електрични светилки кои штедат енергија.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди декларација – изјава за исполнување на двата дела од овој критериум, заедно со информација за класата на енергетска ефикасност на различните електрични светилки кои се користат.

**10. Контрола на времето во сауната**

Сите сауни треба да имаат тајмер/контрола на времето.

Проценка и верификација: Барателот треба да приложи технички извештај од техничарот кој е одговорен за поставување и/или одржување на овој систем.

ВОДА

**11. Извори на вода**

Управителот на туристичко сместувачкиот капацитет треба да ги извести органите надлежни за водоснабдувањето за неговата желба да се префрли на различен извор на вода (површински води итн.) во случај кога локалните планови за заштита на водата покажуваат големо влијание врз животната средина од користењето на сегашниот извор на вода. Со известувањето, управителот треба јасно да каже дека е спремен да превземе мерки за снабдување со вода од друг извор доколку е тоа возможно согласно плановите за развој на водоснабдувањето.

Проценка и верификација: Барателот треба да приложи изјава заедно со соодветна документација.

**12. Истек на вода од славини и тушеви**

Истекувањето на вода од славини и тушеви да не поминува 12 литри во минута.

Проценка и верификација: Барателот треба да приложи изјава заедно со соодветна документација и објаснување како ќе го постигне овој критериум.

**13. Штедење на вода во бањите и тоалетите**

Во бањите и тоалетите треба да бидат поставени информации за тоа како гостите можат да помогнат на туристичко сместувачкиот капацитет да заштеди вода.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со текстот на информацијата.

**14. Корпи за отпадоци во тоалетите**

Во секој тоалет треба да бидат поставени соодветни канти за отпадоци и гостите треба да се поттикнуваат да ги употребуваат кантите за отпадоци наместо тоалетите за соодветниот отпад.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со текстот на информацијата.

**15. Испуштање на вода во WC шолји**

WC шолјите треба да имаат автоматско или рачно испуштање на вода, така што не треба истовремено повеќе од 5 шолји да испуштаат вода.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со документацијата од инсталирањето на шолјите.

**16. Истекувања**

Персоналот треба да биде обучен да проверува секојдневно дали постојат видливи истекувања на вода и да презема соодветни мерки доколку е потребно. Гостите треба да бидат повикани да го информираат персоналот за евентуални истекувања.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со релевантната документација за обука на персоналот и текстот на информацијата за гостите.

**17. Менување на крпи и чаршафи**

Гостите треба да бидат информирани за политиката за животна средина на туристичко сместувачките капацитети, според која крпите и чаршавите се менуваат на барање на гостите, или еднаш неделно во туристичко сместувачките капацитети од пониска класа или двапати неделно во туристичко сместувачките капацитети од повисока класа.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со релевантната документација за тоа како гостите се информирани заедно сто текстот на информацијата за гостите.

**18. Наводнување на цвеќиња и градини**

Цвеќињата и градините треба да се наводнуваат пред пладне (наутро) или по заоѓањето на сонцето (навечер), каде што регионалните или климатските услови го дозволуваат тоа.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум.

**19. Третман на отпадните води**

Сите отпадни води треба да бидат подложени на третман и да се одведуваат во локалните системи за собирање и третман на отпадните водите. Доколку не постои врска со локалниот систем за третман на отпадни води, туристичко сместувачкиот капацитет треба да има сопствен систем за собирање и третман на отпадните води кој ги исполнува барањата на законодавството на Република Македонија или законодавство на ЕУ.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум, заедно со документацијата за поврзување со локалниот систем за одведување и пречистување на отпадни води или постоењето на сопствен систем за третман на водата.

**20. План за отпадни води**

Туристичко сместувачкиот капацитет треба да побара од органите на локалната власт план за отпадните води и доколку таков постои и истиот треба да го следи.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави писмо кое е испратено до органите на локалната власт заедно со одговорот кој е добиен. Доколку постои план, барателот треба да обезбеди документација со која потврдува дека го следи планот.

ДЕТЕРГЕНТИ И СРЕДСТВА ЗА ДЕЗИНФЕКЦИЈА

**21.Средства за дезинфекција**

Средствата за дезинфекција треба да се употребуваат само доколку е неопходно да се исполнат правните барања во врска со хигиената.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со информации каде и кога средствата за дезинфекција се употребуваат, како и барањата за тоа утврдени во правни или други обврзувачки акти.

**22. Обука на персоналот за употреба на детергенти и средства за дезинфекција**

Персоналот треба да биде обучен да не ја преминува препорачаната доза при употреба на детергенти и средства за дезинфекција, која е назначена на пакувањето на овие производи.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со релевантната документација за обука на персоналот.

ОТПАД

**23. Сепарација на отпадот од страна на гостите**

Треба да се обезбедат адекватни контејнери и/или канти за да им се овозможи на гостите да вршат сепарација на отпадот во согласност со локалниот/националниот систем за сепарација. Јасна и достапна информација во собите треба да ги потсетува гостите да го сепарираат отпадот.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со информации за контејнерите и копија од информацијата/или поставените знаци.

**24. Опасен отпад**

Персоналот врши сепарација на опасниот отпад во согласност со Листата на видови на отпад („Службен весник на РМ“ бр. 100/05) и Правилникот за поблиските услови за постапување со опасниот отпад и начинот на пакување и изначување на опасниот отпад („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/08) односно Одлуката 2000/532/ЕС (Законот за управување со отпад) и негово соодветно одлагање. Ова вклучува тонери, мастила, опрема за фрижидери, батерии, лекови. Доколку органите на локалните власти не обезбедиле одлагање на опасниот отпад, барателот секоја година треба да доставува изјава дадена од органите на локалните власти дека не постои систем за одлагање на опасниот отпад.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со листа на опасен отпад кој настанува во туристичко сместувачкиот капацитет и информации за неговото ракување, сепарирање, собирање и одлагање,

вклучувајќи и договори со трети лица доколку ги има, како и копија од изјавата од органот на локалната власт.

**25. Сепарација на отпад**

Персоналот во туристичко сместувачкиот капацитет треба да врши сепарација на отпадот по категории со кои потоа одделно треба да ракуваат локалните или националните постројки за управување со отпад. Доколку локалните власти не нудат/овозможиле сепарација на отпадот и/или одлагање, туристичко сместувачкиот капацитет треба да им се обрати искажувајќи ја својата спремност за сепарација на отпадот и изразувајќи загриженост за недостатокот на можноста за сепарација на отпадот при собирањето и/или одлагањето. Барањето до локалните власти да обезбеди сепарација на отпадот при собирање и одлагање треба да се доставува секоја година.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со информации за различните категории на отпад кои се прифаќаат на локалните депонии, постапката за собирање на отпадот, сепарација, ракување и одлагање на овие категории на отпад во туристичко сместувачкиот капацитет, и/или релевантни договори со трети лица, како и доставеното барање до локалните власти и меѓусебната коресподенција.

**26. Транспортирање на отпадот**

Доколку локалните власти за управување со отпад не го собираат отпадот близу до туристичко сместувачкиот капацитет, истиот треба да обезбеди транспорт на сопствениот отпад до соодветното место, намалувајќи го транспортот колку што е можно повеќе.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со информации за соодветните места за негово одлагање, аранжманите за транспорт и за колкаво растојание се работи.

**27. Продукти за една употреба**

Доколку не претставува законска обврска ниту еден од следниве продукти нема да се употребуваат еднократно во ресторанитe и собите:

- прибор за лична хигиена (шампон, сапун, капи за туширање итн.);
- чаши, чинии и прибор за јадење.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со информации за производите кои се користат за една употреба, и според кои закони е одредена нивната задолжителна употреба.

ДРУГИ УСЛУГИ

**28. Забрането пушење во заедничките простории**

Во дел од заедничките простории треба да биде забрането пушењето.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум.

**29. Јавен транспорт**

Информациите за јавниот транспорт и како да се стигне до определени дестинации со помош на јавен транспорт треба да бидат лесно достапни и видливи за гостите. Доколку не постои соодветен јавен транспорт, информации за други начини на транспорт прифатливи за животната средина треба да бидат обезбедени.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со копии од достапниот информативен материјал.

ОПШТО УПРАВУВАЊЕ

Барателите кои имаат систем за управување со животната средина во согласност со EMAS регулативата или сертифициран според ISO 14001 автоматски ги исполнуваат задолжителните критериуми за генерално управување дадени во точка 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36 и 37. Во таков случај, доказ за исполнувањето на задолжителните критериуми за генерално управување е EMAS регистрација или ISO 14001 сертификат.

**30. Генерално одржување и сервисирање**

Целата опрема која се користи за обезбедување на туристичко сместувачки услуги треба да биде сервисирана и одржувана во согласност со законот, и од страна на квалификуван персонал. Што се однесува до опремата која се употребува, управителот на туристичко сместувачкиот капацитет е потребно да поседува декларација од производителот или друго стручно/техничко лице за зачестеноста на одржувањето и сервисирањето, како и барањата кои законот ги поставува во врска со сервисирањето и одржувањето на целата опрема.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со листа на опрема и листа на лица/компании кои го прават одржувањето односно сервисирањето.

**31. Одржување и сервисирање на бојлери**

а) Одржување и сервисирање на бојлери треба да се извршува најмалку еднаш годишно или онолку често колку тоа го бара законот, од страна на квалификуван персонал, следејќи ги CEI или националните стандарди, или насоките на производителот.

б) Тестирање на нивото на ефикасност во согласност со Директивата 92/42/EEC или законодавство на Република Македонија или насоките на производителот, дали е исполнето и дали емисиите се во дозволените граници, се врши еднаш годишно. Доколку одржувањето покаже дека горенаведените услови не се исполнети, треба да се спроведат корективни активности.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на точките а) и б) од овој критериум заедно со опис на бојлерите и програма за нивно одржување, персонал/компании задолжени за одржување и што се се проверува при одржувањето.

**32. План и програма со активности**

Управата на туристичко сместувачкиот капацитет треба да има донесено план за заштита на животната средина и програма за негово реализирање. Програмата треба да ги идентификува целите на еколошките активности во однос на потрошувачката на енергија, вода, хемикалии и отпад, а кои треба да бидат поставувани секои две години, земајќи ги во предвид и изборните критериуми. Треба да се назначи лице кое треба да делува како управител за животна средина на туристичко сместувачкиот капацитет и кој треба да биде задолжен за преземање на неопходните активности и постигнување на целите.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со копија од планот за заштита на животна средина и програмата за реализација на планот, како и постапка за земање во предвид на придонесите од гостите.

**33. Обука на персоналот**

Туристичко сместувачкиот капацитет треба да обезбеди информирање и обука на персоналот, вклучувајќи и пишани процедури/постапки или прирачници, за да осигура примена на еколошки мерки и да ја подигне свеста за еколошки прифатливо однесување.

Соодветна обука треба да биде обезбедена за секој нов вработен во рок од 4 недели од почетокот на вработувањето и за сите вработени најмалку еднаш годишно.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со детали за програмата за обука, нејзината содржина, како и кога и на кој персонал се одржува.

**34. Информации за гостите**

Туристичко сместувачкиот капацитет треба да обезбеди информации за гостите, вклучувајќи ги и учесниците на конференции, за неговата политика за заштита на животната средина (еколошка политика), за активностите превземени за заштита на животната средина, вклучително и информации за еколошката ознака. Информациите активно треба да се даваат на гостите на рецепција и пораки со кои ги повикуваат гостите да ги поддржат еколошките цели и истите треба да бидат поставени на видливи места, а посебно во собите.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со копии од информациите и пораките поставени за гостите.

**35. Податоци за потрошувачката на енергија и вода**

Туристичко сместувачкиот капацитет треба да има постапка за собирање и проверка на податоците за целокупната потрошувачка на енергија (KWh), потрошувачка на струја (KWh), енергија искористена за греење (KWh), и потрошувачка на вода (литри). Податоците треба да се собираат заедно со секоја добиена сметка, или најмалку секои три месеци и треба да биде изразена како потрошувачка по преспивање и по м2 внатрешен простор. Туристичко сместувачкиот капацитет треба да поднесе извештај за резултатите еднаш годишно до надлежниот орган.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со опис на постапката. При доставувањето на барањето, треба да се достават податоци за погоре наведената потрошувачка на енергија најмалку за последните 3 месеци, а потоа на крајот од годината за изминатата година.

**36. Собирање на други податоци**

Туристичко сместувачкиот капацитет треба да има постапка за собирање и проверка на податоците за потрошувачката на хемикалии (грамови на сува супстанца) и волумен на произведен отпад (литри и/или килограм на несортиран отпад). Податоците треба да се собираат најмалку еднаш на 6 месеци, и треба да бидат изразено како потрошувачка или производство по преспивање и по м2 внатрешен простор. Туристичко сместувачкиот капацитет треба да поднесе извештај за резултатите еднаш годишно до надлежниот орган.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со опис на постапката. При доставувањето на барањето треба да се достават податоци за погоре наведената потрошувачка на енергија најмалку за последните 6 месеци, а потоа на крајот од годината за изминатата година. Барателот треба да ги специфицира услугите што ги нуди и треба да назначи дали се врши перење на алишта во просториите на сместувачкиот капацитет.

**37. Информации кои се појавуваат на еколошката ознака**

Информациите за од еколошката ознака што се ставени во туристичко сметсувачките капацитети треба да го содржи следниот текст:

- мерки превземени за заштеда на енергија и вода,
- мерки превземени за намалување на отпадот,
- генерално еколошко подобрување.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави примерок од подлогите на кои се користи логото заедно со изјава за исполнување на овој критериум.

ПРИЛОГ 2

ИЗБОРНИ КРИТЕРИУМИ

Потребни резултати

Сите изборни критериуми соодветно се бодуваат. Бројот на исполнети критериуми мора да имаат минимум збир од 16,5 бодови. Потребниот збир треба да се зголеми за по 1 бод за секој од трите дополнителни можности/простории кои треба да се понудат како дел од услугата на туристичко сместувачкиот капацитет: ресторан, фитнес активности и зелени површини. Ресторанската услуга вклучува најмалку појадок. Фитнес активностите вклучуваат сауни, базени и сл. во склопот на туристичко сместувачкиот капацитет. Зелените површини подразбираат паркови и градини кои се отворени за гостите.

ЕНЕРГИЈА

**1. Сончеви колектори и создавање на струја со помош на ветер (2 бода)**

Туристичко сместувачкиот капацитет треба да има сончеви колектори или генератор за создавање на струја со помош на ветер кој снабдува или треба да снабдува најмалку 20% од целокупната потрошувачка на струја на капацитетот во текот на годината.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со документација за системот за создавање на струја со помош на ветер и податоци за неговиот потенцијал и излезни карактеристики.

**2. Греење од обновливи извори на енергија (1,5 бода)**

Најмалку 50% од севкупната енергија која се употребува во собите или топлата вода која се употребува во санитариите треба да биде од обновливи извори на енергија.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со податоците за потрошувачката на енергија при греење на собите или водата и документација која покажува дека најмалку 50% од оваа енергија доаѓа од обновливи извори.

**3. Енергетска ефикасност на бојлери (1 бод)**

Туристичко сместувачкиот капацитет треба да има бојлер со 4 ѕвезди како што е дефинирано во Директивата 92/42/ЕС.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со извештај од професионални техничари кои се одговорни за продажбата или одржувањето на бојлерите.

**4. Емисиите на NOx на бојлерите (1,5 бода)**

Бојлерот треба да биде класа 5 од EN 297 prA3 нормите кои ги регулираат NOx емисиите и треба да испуштаат помалку од 70mg NOx /KWh.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со извештај од професионални техничари кои се одговорни за продажбата или одржувањето на бојлерите.

**5. Централно греење (1 бод)**

Туристичко сместувачкиот капацитет треба да биде поврзан на централно греење.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со документација која покажува поврзаност на централното греење.

**6. Комбинирање на греење и енергија (1,5 бода)**

Целата струја и греење потребно за туристичко сместувачкиот капацитет треба да се обезбеди со комбиниран систем на производство на топлина и енергија.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава-доказ за исполнување на овој критериум заедно со документација за постоење на комбиниран систем на производство на топлина и енергија.

**7. Централен систем за греење (1,5 бода)**

Туристичко сместувачкиот капацитет треба да има централен систем за греење и/или климатизер.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со документација за ценралниот систем за греење.

**8. Надоместување на топлината (2 бода)**

Туристичко сместувачкиот капацитет треба да има систем за надоместување на топлината за 1 (1 бод) или 2 (2 бода) за следните категории: системи за разладување, вентилатори, машини за перење, машини за миење садови, базен(и), санитарни отпадни води.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со документација за системот за надоместување на топлината.

**9. Терморегулација (1,5 бода)**

Температурата во секоја соба треба да биде индивидуално регулирана.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со документација за системот за терморегулација.

**10. Изолација на постојните градби (2 бода)**

Градбите (зградите) треба да имаат изолација над минималните барање според стандардите за градба на Република Македонија, за да се обезбеди намалување на користењето на енергијата.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум од соодветно техничко лице, заедно со документација за изолацијата и минимум стандардите за градба на Република Македонија.

**11. Климатизација (1,5 бода)**

Системот за климатизација треба да има Класа А енергетска ефикасност во согласност со Директивата 2002/31/ЕС за имплементација на Директивата 92/75/ЕЕС, или енергетска ефикасност која кореспондира со Класа А.

Овој критериум не се однесува на апарати кои можат да користат други извори на енергија, воздух-во-вода и вода-во-вода апарати, или единици со излез поголем од 12 KW.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави технички извештај од професионални техничари одговорни за инсталација, продажба и/или одржување на системот за климатизација.

**12. Автоматско исклучување на климатизерите (1 бод)**

При секое отворање на прозорците климатизерите треба да се исклучуваат автоматски.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави технички извештај од професионални техничари одговорни за инсталација, продажба и/или одржување на системот за климатизација.

**13. Биоклиматска архитектура (2 бода)**

Туристичко сместувачкиот капацитет треба да биде изграден според принципот на биоклиматска архитектура.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави детален извештај за тоа како туристичко сместувачкиот капацитет го исполнува овој критериум заедно со соодветна документација.

**14. Енергетска ефикасност на фрижидери (1 бод), машини за перење садови (1 поен), машини за миење алишта (1 бод) и канцелариска опрема (1 бод)**

а) (1бод): Сите фрижидери треба да бидат Класа А енергетска ефикасност, Директива 94/2/ЕС за имплементирање на Директива 92/75/ЕЕС, и сите замрзнувачи и мини барови треба да бидат најмалку Класа Ц.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави документација за енергетската класа на фрижидерите, замрзнувачите или мини баровите, назначувајќи ги оние кои имаат еколошка ознака.

б) (1 бод): Сите машини за миење садови треба да бидат Класа А Директива 97/17/ЕС за имплементирање на Директива 92/75/ЕЕС.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави документација за енергетската класа на машините за миење садови, назначувајќи ги оние кои имаат еколошка ознака.

Забелешка: Машините кои не се покриени со Директивата 97/17/ЕС (пр. ндустриски машини за миење садови) не треба да бидат во согласност со овој критериум.

в) (1 бод): Сите машини за перење алишта треба да бидат Класа А Директива 95/12/ЕС за имплементирање на Директива 92/75/ЕЕС.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави документација за енергетската класа на машините за перење алишта, назначувајќи ги оние кои имаат еколошка ознака.

Забелешка: Машините кои не се покриени со Директивата 95/12/ЕС (пр. индустриски машини за миење садови) не треба да бидат во согласност со овој критериум.

г) (1 бод): Најмалку 80% од канцелариската опрема (компјутери, монитори, факсови, принтери, скенери, машини за фотокопирање) треба да се квалификуваат за ѕвезда за енергија во согласност со Регулативата 2422/2001.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави документација за квалификацијата за енергетска ѕвезда и ја назначи опремата која веќе има еколошка ознака.

**15. Позиционирање на фрижидерите (1 бод)**

Кујнските фрижидери треба да бидат поставени и регулирани согласни принципите за заштеда на енергија.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави детален извештај за тоа како туристичко сместувачкиот капацитет го исполнува овој критериум заедно со соодветна документација.

**16. Автоматско исклучување на светлата во собите за гости (1 бод)**

Автоматски систем кој ги гаси светлата кога гостите ја напуштаат собата треба да биде инсталиран во 80% од собите на гостите.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави технички извештај од професионални техничари одговорни за инсталација, продажба и/или одржување на системот.

**17. Автоматско исклучување на надворешните светла (1 бод)**

Непотребните надворешни светла треба да се исклучуваат автоматски.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави технички извештај од професионални техничари одговорни за инсталација, продажба и/или одржување на системот.

ВОДА

**18. Употреба на дождовница (1,5 бода) и рециклирана вода (1,5 бода)**

а) (1,5 бода): Дождовницата треба да се собира но да не се користи за санитарни цели и пиење.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави детален извештај за тоа како туристичко сместувачкиот капацитет го исполнува овој критериум заедно со соодветна документација, и соодветно осигурување дека водата за пиење и водата за санитарна употреба се чува потполно одделено.

б) (1,5 бода): Рециклираната вода треба да се собира но да не се користи за санитарни цели и пиење.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави детален извештај за тоа како туристичко сместувачкиот капацитет го исполнува овој критериум заедно со соодветна документација, и соодветно осигурување дека водата за пиење и водата за санитарна употреба се чува потполно одделено.

**19. Истекување на вода од славини и тушеви (1,5 бода)**

Просечното истекување од славините и тушевите исклучувајќи ги славините во кадите нема да надминува 8,5 литри во минута.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави детален извештај за тоа како туристичко сместувачкиот капацитет го исполнува овој критериум заедно со соодветна документација.

**20. Испуштање на вода во WC шолји (1,5 бода)**

Најмалку 80% од WC шолјите треба да употребуваат 6 литри или помалку вода при пуштање.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави детален извештај за тоа како туристичко сместувачкиот капацитет го исполнува овој критериум заедно со соодветна документација.

**21. Потрошувачка на вода во машините за миење на садови (1 бод)**

Потрошувачка на вода во машината за миење на садови (изразена како W(measured)) треба да биде помала или еднаква на прагот дефиниран со равенката дадена подолу употребувајќи го истиот тест метод EN 50242 и циклус програма избрана според директивата 97/17/ЕС:

$W(measured) \leq (0,625 \times S) + 9,25$,

каде што:

W(measured) = измерена потрошувачка на вода во машината во литри по циклус, изразена до една децимала,

S = Применлив број на регулации на стандардно место од машината за миење на садови.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави технички извештај од професионални техничари одговорни за инсталација, продажба и/или одржување на машините за миење садови, како и доказ за доделена еколошка ознака на машините.

**22. Потрошувачка на вода од страна машините за перење алишта (1 бод)**

Машините за перење кои се употребуваат во туристичко сместувачкиот капацитет или од страна на снабдувачот на услугата (перење) треба да употребуваат 12 литри на вода или помалку за килограм алишта, мерено според EN 60456:1999, при работа на програмата за памук 60 °C според директивата 95/12/EC.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави технички извештај од професионални техничари одговорни за инсталација, продажба и/или одржување на машините за перење алишта, како и доказ за доделена еколошка ознака на машините. Туристичко сместувачкиот капацитет треба да обезбеди потврда од правното лице која го врши перењето за потребите на истиот дека машините кои ги употребува го задоволуваат овој критериум.

**23. Истекување и температура на водата од славина (1 бод)**

Најмалку 80% од славините треба да овозможуваат прецизно и брзо регулирање на истекувањето на водата и нејзината температура.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави детален извештај за тоа како туристичко сместувачкиот капацитет го задоволува овој критериум, заедно со соодветна документација.

**24. Тајмери на славините/прскалките/тушевите (1 бод)**

Прскалките во кујните или надвор треба да имаат систем за запирање на малазот на вода автоматски по извесно време ако не се употребуваат.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави детален извештај за тоа како туристичко сместувачкиот капацитет го задоволува овој критериум, заедно со соодветна документација.

ОПАСНИ ХЕМИКАЛИИ

**25. Детергенти (до 4 бода)**

Најмалку 80% од тежината на детергентите за садови (машинско и рачно миење) и/или детергентите за алишта и/или сите видови на средства за чистење кои се користат во туристичко сместувачкиот капацитет треба да имаат еколошка ознака или ИСО тип еколошка ознака, (по еден поен за сите видови детергенти, вкупно четири).

Проценка и верификација: Барателот треба да достави податоци и документација (вклучувајќи и фактури) назначувајќи ги количините на такви производи кои се употребуваат и количините кои имаат еколошка ознака.

**26. Внатрешни бои и лакови (1 бод)**

Најмалку 50% од внатрешното бојадисување во туристичко сместувачкиот капацитет треба да биде извршено со бои и лакови кои имаат еколошка ознака или ISO ознака.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави податоци и документација (вклучувајќи и фактури) назначувајќи ги количините на таквите производи кои се употребуваат и количините кои имаат еколошка ознака.

**27. Дозирање на средствата за дезинфекција во базените за пливање (1 бод)**

Базените за пливање треба да имаат систем за автоматско дозирање кој треба да ја употребува најмалата доза од средствата за дезинфекција за постигнување на соодветен хигиенски резултат.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави техничка документација која се однесува на системот за автоматско дозирање.

**28. Механичко чистење (1 бод)**

Туристичко сместувачкиот капацитет треба да има прецизна процедура за изведување на чистење без хемикалии, со употреба на микрофибер производи или други материјали за чистење без хемикалии или превземање на активности со сличен ефект.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави детално објаснување за тоа како туристичко сместувачкиот капацитет го задоволува овој критериум, заедно со соодветна документација.

**29. Органска градина (1 бод)**

Зелените површини треба да се уредуваат без употреба на било какви пестициди или според принципите на органското земјоделство, според Регулативата 2092/91 или согласно законодавство на Република Македонија за органско производство.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави детален извештај за тоа како туристичко сместувачкиот капацитет го задоволува овој критериум, заедно со соодветна документација.

ОТПАД

**30. Компостирање (2 бода)**

Туристичко сместувачкиот капацитет треба да врши сепарација на релевантниот органски отпад (отпад од градината - 1 бод, кујнски отпад - 1 бод), а сепарацијата треба да ја врши според упатствата од органите на локалната или државната власт.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави детален извештај за тоа како туристичко сместувачкиот капацитет го задоволува овој критериум, заедно со соодветна документација.

31. Отстранување на лименки од пијалаци (2 бода)

Доколку не е задолжително согласно закон, пијалаците нема да се нудат во лименки.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за исполнување на овој критериум, каде што треба да биде назначен законот кој бара употреба на лименки, доколку има таков.

**32. Пакување на појадок (2 бод)**

Доколку не е задолжително согласно закон, единични пакувања нема да се употребуваат за појадок.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави детален извештај за тоа како туристичко сместувачкиот капацитет го задоволува овој критериум, заедно со соодветна документација.

**33. Одлагање на масло/зејтин (2 бода)**

Треба да бидат инсталирани посебни садови за сепарирање во кои маслото/зејтинот кој се користел за пржење треба да бидат соодветно одложен.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави детален извештај за тоа како туристичко сместувачкиот капацитет го задоволува овој критериум, заедно со соодветна документација.

**34. Употребени материјали и мебел (2 бода)**

Употребениот мебел, ткаенини и други материјали треба да бидат продадени или дадени во добротворни цели, или на други организации кои вршат собирање и редистрибуција на таквите добра.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави детален извештај за тоа како туристичко сместувачкиот капацитет го задоволува овој критериум, заедно со соодветна документација.

ДРУГИ УСЛУГИ

**35. Информации за животната средина (1,5 бода)**

Туристичко сместувачкиот капацитет треба да обезбеди информации за животната средина, (како на пр. пораки за биолошката разновидност што постои во околината), пределот и мерките за зачувување на природата.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави детален извештај за тоа како туристичко сместувачкиот капацитет го задоволува овој критериум, заедно со соодветна документација.

**36. Забрането пушење во собите (1 бод)**

Пушењето треба да биде забрането во најмалку 50% од собите.

Проценка и верификација: Барателот треба да го назначи бројот и природата на собите, како и во колку од нив пушењето е забрането.

**37. Велосипеди (1 бод)**

На гостите треба да им биде овозможено да користат велосипеди.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави детален извештај за тоа како туристичко сместувачкиот капацитет го задоволува овој критериум.

**38. Шишиња што можат повторно да се полнат (2 бода)**

Туристичко сместувачкиот капацитет треба да понуди најмалку еден од пијалоците во шишиња што можат повторно да се полнат и тоа: безалкохолни пијалаци, вода и пиво.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави детален извештај за тоа како туристичко сместувачкиот капацитет го задоволува овој критериум, заедно со соодветна документација од набавувачот на шишињата.

**39. Хартиени производи (до 2 бода)**

Најмалку 50% од тоалет/хартиени марамчиња и/или канцелариска хартија треба да има еколошка ознака или ISO тип на еколошка ознака (по 1 поен за секоја од овие две категории на хартија).

Проценка и верификација: Барателот треба да достави податоци и документација (вклучувајќи и релевантни фактури) за количеството на таквите производи кои се употребуваат и количеството на оние кои имаат еколошка ознака.

**40. Трајни добра (до 3 бода)**

Најмалку 10% од сите категории на трајни добра (платна на кревети, крпи, платна за чаршафи, компјутери, лаптопи, телевизори, душеци, мебел, машини за перење алишта и

садови, фрижидери, правосмукалки, сијалици ......) кои се присутни во туристичко сместувачкиот капацитет треба да имаат еколошка ознака или соодветна ИСО еколошка ознака (по 1 поен за секоја категорија, најмногу до три категории).

Проценка и верификација: Барателот треба да достави податоци и документација за количеството на таквите производи кои се поседуваат и количеството на оние кои имаат еколошка ознака.

**41. Органска храна (1 бод)**

Главните состојки за најмалку две јадења, треба да бидат произведени со методи на органско земјоделство, во согласност со Регулативата (EEC) 2092/91.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за тоа како туристичко сместувачкиот капацитет го задоволува овој критериум, заедно со соодветна документација.

**42. Локални прехранбени производи (1 бод)**

Најмалку два локални прехранбени продукти треба да се нудат со секое јадење, вклучувајќи го и појадокот.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за тоа како туристичко сместувачкиот капацитет го задоволува овој критериум, заедно со соодветна документација.

## ОПШТО УПРАВУВАЊЕ

**43. EMAS регистрација (3 бода) или ISO сертификат (1,5 бод) на туристичко сместувачкиот капацитет**

Туристичко сместувачкиот капацитет треба да има EMAS регистрација (3 бода) или треба да биде сертифициран во согласност со ISO 14001 (1,5 бода).

Проценка и верификација: Барателот треба да достави соодветен доказ од EMAS регистрацијата или ISO 14001.

**44. EMAS регистрација (1,5 бода) или ISO сертификат (1 бод) на доставувачите/снабдувачите**

Најмалку еден од главните снабдувачи или обезбедувачи на услуги, снабдувач на туристичко сместувачкиот капацитет треба да има EMAS (1,5 бода), или треба да биде сертифициран според ISO 14001 (1 бод).

Проценка и верификација: Барателот треба да достави соодветен доказ од EMAS регистрацијата или ISO 14001 на најмалку еден од снабдувачите.

**45. Еколошки прашалник (1 бод)**

Туристичко сместувачкиот капацитет треба да достави до гостите прашалник во кој гостите би требале да ги кажат своите гледишта за еколошкиот аспект на сместувачкиот капацитет.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави копија од прашалникот и начинот на кој го доставува и собира, и како одговорите ги зема во предвид.

**46. Мерачи на енергија и вода (1 бод)**

Туристичко сместувачкиот капацитет треба да има поставено мерачи на енергија и вода со цел да собере податоци за потрошувачката од различни активности или машини.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави детален извештај како туристичко сместувачкиот капацитет го исполнува овој критериум, заедно со анализа на собраните податоци (ако се веќе собрани).

**47. Дополнителни еколошки акции (1 бод)**

Или:

а) Дополнителни еколошки акции (до 1,5 бода секоја, до најмногу 3 бода): Управата на туристичко сместувачкиот капацитет треба да преземе дополнителни акции за да ги подобри еколошките активности на капацитетот, а кои не се покриени со гореспоменатите критериуми (било задолжителни или изборни). Надлежниот орган кој го оценува барањето треба да даде најмногу 1,5 бода по активност.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави изјава за тоа како туристичко сместувачкиот капацитет го задоволува овој критериум, заедно со целосен опис на активностите кои барателот сака да се земат во предвид;

б) Еколошка ознака (3 бода): Туристичко сместувачкиот капацитет има ISO Тип 1 еколошка ознака.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави соодветен доказ.